

ЕПИ

АСОЦИЈАЦИЈА ЗЕНИТ

# АНАЛИЗА
# НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

# А Н А Л И З А
# НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

# АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

Издавач:
Институт за европска политика и Асоцијација ЗЕНИТ

Уредник:
Проф. д-р Јован Ананиев

Авторка:
Д-р Маријана Лончар Велкова

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн и печатење:
Релатив

Скопје, јули 2021

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

347.952:35.076.7(497.7)

ЛОНЧАР Велкова, Маријана
Анализа на судските одлуки во областа на прекршочната постапка : Електронски извор / [Маријана Лончар Велкова]. - Скопје : Институт за европска политика : Зенит, 2021

Начин на пристапување (URL): https://epi.org.mk/wp-content/uploads/21.pdf. - Текст во PDF формат, содржи 30 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 20.09.2021. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4702-46-7 (Институт за европска политика)
ISBN 978-608-4758-18-1 (Зенит)

а) Судски одлуки -- Прекршочни постапки -- Македонија

COBISS.MK-ID 54527237

Оваа анализа е подготвена во рамки на проектот „Партнерство Јустиција - враќање на довербата на граѓаните", финансиран од Европската Унија преку Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии во Република Северна Македонија.
Содржината на овој документ е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР 6

1. АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА 7

1.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОКОТ ЗА АНАЛИЗА 8

1.2. АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА НИВО НА АПЕЛАЦИСКИ ПОДРАЧЈА 10

1.2.1. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИСКО ПОДРАЧЈЕ БИТОЛА 11

1.2.2. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИСКО ПОДРАЧЈЕ ГОСТИВАР 14

1.2.3. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИСКО ПОДРАЧЈЕ СКОПЈЕ 17

1.2.4. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИСКО ПОДРАЧЈЕ ШТИП 22

2. АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО 25

3. ГЕНЕРАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ 27

4. ПРЕПОРАКИ 29

# ПРЕДГОВОР

Оваа анализа е изработена во рамки на проектот „Партнерство Јустиција: Враќање на довербата на граѓаните“, кој го спроведуваат Институтот за европска политика и Асоцијацијата ЗЕНИТ, финансиран од Европската унија. Проектот има цел да придонесе за враќање на довербата на граѓаните во македонскиот правосуден сектор преку значително вклучување на граѓанското општество во суштинските реформи. Крајни корисници на овој проект се институциите во областа на правосудството. Целта на оваа анализа е да придонесе кон унапредување на квалитетот на судските одлуки во делот на прекршочното право, на самата постапка, со цел да се одговори на очекувањето на граѓаните за правото на фер и правично судење и пристапот до правда.

# 1.

# АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

## 1.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОКОТ ЗА АНАЛИЗА

Со анализата на квалитетот на судските одлуки беа опфатени одлуки донесени на ниво на четирите апелациски подрачја, кои се утврдени со закон според седиштето на апелационите судови, а се основани за подрачјето на повеќе судови од прв степен (основни судови). На територијата на Република Северна Македонија има четири апелациони суда со седиште во Битола, Гостивар, Скопје и Штип. При постапката на прибирање на одлуките што се предмет на анализата се водеше сметка за одредени предуслови: да бидат донесени во периодот од 2017, 2018, 2019 и 2020 година, да се анонимизирани и во постапките една од страните да биде физичко лице. Од тие причини беа одбрани судски одлуки донесени во прекршочните судски постапки од областите јавен ред и мир и сообраќај.

Одлуките во прекршочни постапки се добиени по писмено обраќање до судовите или преземени од платформата dejure.mk. При прибирање на одлуките од основните и апелационите судови, имаше многу тешкотии да се преземат поголем број одлуки донесени од страна на судовите, веројатно од причина што има поставено многу ограничен број анонимизирани одлуки, или воопшто нема вакви одлуки на официјалните интернет-страници на судовите.

**Во оваа анализа се опфатени вкупно 60 одлуки од четири апелациски подрачја, и тоа: 14 одлуки од апелациско подрачје – Битола** (7 одлуки донесени од основните судови и 7 одлуки од Апелационен суд – Битола); **14 Одлуки од апелациско подрачје – Гостивар** (6 одлуки донесени од основните судови и 8 одлуки од Апелационен суд Гостивар); **23 одлуки од апелациско подрачје – Скопје** (11 од Основниот кривичен суд Скопје и 12 одлуки од Апелационен суд); **9 одлуки од Апелационо подрачје – Штип** (4 одлуки од основните судови и 5 одлуки од Апелационен суд Штип).

**Анализата е направена само врз основа на <u>квалитативни индикатори</u> согласно Методологијата за анализа на квалитетот и воедначеноста на судските одлуки и таа не содржи квантифицирање на добиените резултати врз основа на квантитативните индикатори согласно Методологијата.** Секоја од одлуките се анализираше одделно, без да се споредува една со друга, применувајќи ги индикаторите од споменатата методологија.

Истражувањето не ги опфаќа постапките на органите на државната управа, организација или други органи што вршат јавни овластувања на надзор над спроведувањето на законите со кои се пропишани прекршоците, иако индиректно преку ваквите постапки се спречува повреда на правото на голем број физички лица од сторениот прекршок од страна на правното лице. Инаку, во Законот за прекршоците[1] (ЗП) член 49 е определено: „прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече само надлежен суд, а за одделни прекршоци за кои глобата е утврдена до најмногу 250 евра во денарска противвредност за физичко лице, 500 евра во денарска противвредност за одговорно лице во правно лице и службено лице и 1.000 евра во денарска противвредност за правни лица, прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изречат прекршочен орган и овластено службено лице“.

Имено, граѓаните или соодветни организации што ги застапуваат нивните интереси можат да поднесат пријава пред надлежните државни органи, инспекторати, агенции (на пример: Агенција за електронски комуникации, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиуми) и други регулаторни тела кои потоа по нивна пријава поведуваат постапка. Во вакви и слични случаи, согласно посебниот материјален закон по кој тој орган/институција, или регулаторно тело поставува, се спречува и/или санкционира противправно однесување на правното лице и се изрекува соодветна пропишана прекршочна санкција, со што се штитат интересите на граѓаните.

Со ова истражување не се земени предвид одлуките на Управниот суд кој има ингеренции да решава за правата и обврските во поединечни управни работи, **како и за актите донесени во прекршочна постапка,** кога за решавање во втор степен против таквиот акт не е обезбедена друга правна заштита.

Наведените области кои не беа земени предвид во иднина треба да бидат предмет на една пообемна анализа која ќе го опфати подрачјето на прекршочното право во сите негови сегменти.

1 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 96/2019 од 17.05.2019.

## 1.2 АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА НИВО НА АПЕЛАЦИСКИ ПОДРАЧЈА

Индикатори врз чија основа е направена квалитативна анализа на судските одлуки на основните и апелационите судови се наведени подолу:

- Структура на судската одлука;
- Изрека;
- Кохерентност;
- Правен силогизам при супсумпција;
- Објаснување на историјата на прашањето;
- Претставување на предметот/прашањето;
- Фактичка состојба и доказна постапка;
- Разгледување и ценење спротивставени аргументи;
- Јасност и конзистентност на образложението;
- Јазична и граматичка правилност на текстот на судската одлука;
- Јасни упатства до основниот суд при враќање на одлуката на повторно разгледување;
- Јасно се наведени причините за укинување или преиначување на одлуката на првостепениот суд;
- Доколку од апелациониот суд е променет обемот или висината на санкцијата, во образложението јасно е наведено зошто е направена промената, наведувајќи ја разликата во оценувањето со основниот суд;
- Се дава одговор на жалбените наводи;
- Не се препишува фактичката состојба од одлуката на првостепениот суд;
- При преиначувањето на одлуката на првостепениот суд, судската одлука на апелациониот суд ги има сите карактеристики во утврдувањето на фактичката состојба, анализата на доказите, наведувањето на материјалното право и образложувањето, како и за која било првостепена судска одлука (<u>во ваков случај важат правилата за анализа на квалитетот на судската одлука, како и оние на судските одлуки на првостепен суд – погоре се наведени и се опишуваат во делот квалитативна анализа</u>);
- Одлуките на апелациониот суд со кои се одбива жалбата имаат образложение само на оние жалбени наводи што претходно не се наведени и на кои нема одговори во првостепената судска одлука. Апелациониот суд внимава на рокот за апсолутна застареност на предметот кога треба да одлучува првостепениот суд.

## 1.2.1. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИСКО ПОДРАЧЈЕ БИТОЛА

Направена е анализа на вкупно 14 одлуки, од кои 7 се донесени од основните судови и 7 се донесени од Апелациониот суд – Битола.

Во поглед на **структурата** на судската одлука за ова апелациското подрачје, може да се заклучи дека сите анализирани пресуди поединечно ги содржат потребните делови и се правилно структурирани. Во поглед на **изреката**, може да се заклучи дека најголемиот дел од одлуките се јасни и концизни. Во поглед **кохерентноста на изреката** на одлуките (дали е истата во склад со образложението), може да се утврди дека поголем дел од одлуките се во логички склад со образложението и не противречат сами за себе.

Сепак, постои отстапување и се забележува дека некои *одлуки се носат без образложение, односно само се набројуваат изречените санкции, без притоа да се примени член 113 став 7 од Законот за прекршоците од 2019 година, каде што е таксативно и кумулативно наведено во кои случаи се носат одлуки без образложение:* „пресудата донесена во скратена постапка, како и пресудата со која го признава прекршокот и кога се откажува од правото на жалба, нема образложение".

*Во поглед на изреката во една од одлуките се забележува дека не се содржани основните елементи (време, место и начин на сторување на прекршокот, посочена е само улицата без притоа да се посочи градот каде е сторен прекршокот), а истовремено во самата одлука не е наведено зошто таа не содржи образложение. Постои само изрека на одлуката во која е опишан сторениот прекршок и изречените прекршочни санкции, а не стојат никакви други наводи за донесување на одлуката. Одлуката нема образложение, туку само се изрекуваат санкциите, без да се примени член 113 став 7 од Законот за прекршоците од 2019 година каде што е таксативно и кумулативно наведено во кои случаи се носат одлуки без образложение.*

**Во другите пресуди се забележува дека во содржината на изреката се зема предвид и фактичкото тврдење на странките низ постапката за докажување каде што се утврдува состојбата на важните факти кои се издвојуваат од спорните.**

Во друга одлука се забележува отстапување од **правниот силогизам** при супсумпција, каде што не се испочитувани логичките законитости во донесување на одлуката, односно *се забележува дека е изречена прекршочна санкција опомена, а притоа во образложението на одлуката е посочено дека била поведена кривична постапка која била запрена со решение поради помирување помеѓу обвинетиот и оштетениот.* ***Судот по правило требал да ја запре прекршочната постапка водејќи се од правилото*** **„не двапати за исто".**

*Во една од одлуките е изречена е прекршочна санкција опомена (согласно член 35 од ЗП од 2019 г.). Судот со читање ги извел останатите докази констатирајќи дека обвинетиот го сторил прекршокот, а при одмерување на олеснителните и отежнителните околности судот ја ценел материјалната состојба, дека обвинетиот не бил казнуван, не настанале штетни последици за трето лице,* ***но не констатирал дали обвинетиот се каел за сторениот прекршок, што е еден од битните фактори за воспитно да се влијае и да се постигнат целите на казнувањето.***

Во поглед на **квалитетот на образложението** на судската одлука Ratio Decidendi, треба да наведеме дека во прекршочната постапка одлуките се кратки, а со тоа и образложението не содржи аргументација во однос на решавачките и клучните тврдења и аспекти. Образложението најчесто е напишано во многу кратки црти од причина што доказите што се изведуваат се во мал број. Во голем дел од пресудите изостанува спротивставеност на аргументите, а во поглед на јасноста и конзистентноста на самото образложение забелешка е дека тоа во дел е нејасно, бидејќи се копирани записниците при сослушување на странките. Исто така, недостигаат исказите на сведоците, како и сослушување на вешти лица.

Во поглед на **јазичната и граматичката правилност** на текстот на судските одлуки, тие се разбирливи за сторителите на прекршоците, содржат кратки и јасни реченици.

Во поглед на **одлуките на Апелациониот суд Битола**, во одлуките содржани се јасни упатства до Основниот суд, при враќање на одлуката на повторно разгледување, јасно се наведени причините за укинување или преиначување на одлуката на првостепениот суд, притоа во образложението, доколку се промени обемот или висината на санкцијата, јасно е наведено зошто е направена промената и се укажува на разликата во оценувањето со основниот суд.

Исто така, се дава одговор на жалбените наводи, не се препишува фактичката состојба од одлуката на првостепениот суд, се води сметка да бидат образложени само жалбените наводи кои претходно не се наведени и на кои нема одговори во првостепената судска одлука, внимавајќи и на рокот за апсолутна застареност.

Сепак, има одредени отстапувања, на пример: *се забележува дека од сторениот прекршок до донесување на конечната одлука изминал голем временски период, како на пример, во една од пресудите каде што се констатира:* „Обвинетите се ослободуваат од одговорност поради застареност на прекршочното гонење“, но се поставува прашањето зошто за прекршок сторен во 2012 година е донесена одлука од Основниот суд Охрид во 2018 година, а Апелациониот суд Битола по предметот решава во 2019 година, па постапката трае 6 години.

*Кај друга одлука Судот констатира дека е сторена повреда на материјален закон, но таа повреда се смета дека е во корист на обвинетиот и тоа е причината што не врши преиначување на одлуката, туку само ја констатира, што ја прави одлуката во овој дел нејасна. Кај трета одлука, констатирајќи дека станува збор за сообраќајна незгода, Апелациониот суд утврдува дека е задолжително предвидено издавање мандатен платен налог кој не бил издаден, што е спротивно на одредбите од законот каде што се вели:* „Во случај на сообраќајна незгода постапката се води пред судот и тој изрекува прекршочна санкција глоба и забрана за управување со моторно возило“, па станува нејасно зошто судот ја уважил жалбата на подносителот и изрекол прекршочна санкција опомена, без притоа да води сметка за околностите кога може да биде изречена опомена.

## ЗАКЛУЧОК

Анализираните пресуди поединечно ги содржат потребните делови и се правилно структурирани. Најголемиот дел од одлуките се јасни и концизни, се зема предвид и фактичкото тврдење на странките низ постапката за докажување каде што се утврдува состојбата на важните факти кои се издвојуваат од спорните. Во поглед на кохерентноста на изреката на одлуките, постои логички склад со образложението и тие не противречат сами на себе.

Постои отстапување кај одредени одлуки, особено кога пресудата се носи без образложение, без притоа да се примени член 113 став 7 од Законот за прекршоците од 2019 година, каде што е таксативно и кумулативно наведено во кои случаи се носат одлуки без образложение.

Во одлуките на Апелациониот суд Битола содржани се јасни упатства до основниот суд, јасно се наведени причините за укинување или преиначување на одлуката на првостепениот суд, доколку се промени обемот или висината на санкцијата, јасно е наведено зошто е направена промената, укажувајќи на разликата во оценувањето со основниот суд. Исто така, се дава одговор на жалбените наводи, не се препишува фактичката состојба од одлуката на првостепениот суд, се води сметка да бидат образложени само жалбените наводи што претходно не се наведени и на кои нема одговори во првостепената судска одлука и се внимава и на рокот за апсолутна застареност. Сепак, има одредени отстапувања кои не се одразуваат на квалитетот на судските одлуки значително.

## 1.2.2. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИСКО ПОДРАЧЈЕ ГОСТИВАР

Направена е анализа на вкупно **14 одлуки, од кои 6 се донесени од основните судови на апелациско подрачје Гостивар, а 8 се од Апелационен суд Гостивар.**

Во поглед на **структурата** на судската одлука за ова апелациско подрачје, може да се заклучи дека анализираните пресуди поединечно во дел не ги содржат потребните делови и се делумно правилно структурирани.

Во поглед на **изреката**, може да се заклучи дека најголемиот дел од одлуките се јасни, а со тоа и концизни.

Во поглед **кохерентноста на изреката** на одлуките ( дали е таа во склад со образложението), може да се утврди дека во поголем дел од одлуките недостига образложение, па не може да се извлече заклучок дека тие не противречат сами за себе.

Се забележуваат отстапувања од причина што повеќето од анализираните одлуки се носат без образложение, односно само се набројуваат изречените санкции, без притоа да се примени член 113 став 7 од Законот за прекршоците: „Одлуката донесена во скратена постапка, како и одлуката со која обвинетиот го признава прекршокот и кога се откажува од правото на жалба, нема образложение". Во законот е таксативно и кумулативно наведено во кои случаи се носат одлуки без образложение, односно ваква одлука се носи доколку обвинетиот го признал прекршокот, ја надоместил штетата и се откажал од правото на жалба, а таква констатација нема во изјавата на обвинетите, а во дел од одлуките не се јавиле ниту странките, па ваква одлука се носи во отсуство.

Во поглед на изреката, во една од одлуките се забележува: „износот на прекршочната санкција е утврден според куповниот курс на НБРСМ, а треба по среден курс на НБРСМ". Во делот на правната логика, во поголем дел не се пуштаме во оцена од причина што во поголем дел од анализираните пресуди нема фактичко тврдење на странките и постапка за докажување.

Во друга одлука се забележува отстапување од **правниот силогизам** при супсумпција, каде што не се испочитувани логичките законитости во донесување на одлуката. Во останатите пресуди се забележува дека во содржината на образложението се зема предвид и фактичкото тврдење на странките низ постапката за докажување каде што се утврдува состојбата на важните факти што се издвојуваат од спорните.

Во поглед на **квалитетот на образложението** на судската одлука Ratio Decidendi, треба да наведеме дека во прекршочната постапка одлуките се кратки, а со тоа и образложението не содржи аргументација во однос на решавачките и клучните тврдења и аспекти.

Образложението најчесто е напишано во многу кратки црти, без притоа соодветно да се посочат доказите што се ценат (посочувајќи нивни број и датум) ниту, пак, дали доставените докази имаат соодветна заверка, а доказите што се изведуваат се во мал број.

Во голем дел од пресудите изостанува спротивставеност на аргументите, а во поглед на јасноста и конзистентноста на самото образложение забелешка е дека тоа во дел е нејасно, бидејќи се копирани записниците при сослушување на странките. Исто така, недостигаат исказите на сведоците, како и сослушување вешти лица.

Во поглед на **јазичната и граматичката правилност** на текстот на судската одлука, тие се во дел неразбирливи за сторителите на прекршоците, нејасно се формулирани и содржат граматички грешки.

Во поглед на одлуките на Апелациониот суд Гостивар, во одлуките јасно се наведени причините за преиначување на одлуката на првостепениот суд, *но во една од одлуките во образложението, при промена на обемот или висината на санкцијата, не е јасно наведено зошто е направена промената, укажувајќи на разликата во оценувањето со основниот суд.*

Исто така, се дава одговор на жалбените наводи, не се препишува фактичката состојба од одлуката на првостепениот суд, се води сметка да бидат образложени само жалбените наводи што претходно не се наведени и на кои нема одговори во првостепената судска одлука, внимавајќи и на рокот за апсолутна застареност.

Сепак, се забележува отстапување во примената на материјалното право, кое не се врши соодветно на позитивните законски норми, ***односно во една одлука се применува материјалното право без притоа да се посочи кои се околностите што доведуваат до ублажување на прекршочните санкции што, пак, ги прави одлуките нејасни и неразбирливи.***

Во други одлуки, исто така, се забележуваат отстапувања:

- Една од одлуките е обемна и нејасна, имено основниот суд изрекол прекршочна санкција глоба од 50 евра повикувајќи се на член 33 став 5 в.в. со член 390 од ЗБСП (се работи за сообраќајна незгода). Согласно член 390 ст. 1 алинеја 1), предвидено е изрекување забрана за управување со моторно возило од 30 дена до 3 месеци кога е предвидена глоба во износ од 50 евра;

- Во друга одлука, Апелациониот суд цитира одредба во која вели дека глобата е 45 евра согласно член 390 став 1 од ЗБСП (закон за безбедност на сообраќајот на патиштата), а во законот во тој член стои утврдена глоба од 50 евра, а не глоба од 45 евра;

- Во трета одлука кај случајот на двојно зголемена санкција, таа може да биде зголемена двојно и би требало да изнесува 100 евра, а не 90 евра. Забраната за управување со моторно возило е изречена за време траење од 30 дена, а треба да изнесува минимум 3 месеци (предвидена е санкција од 3 до 6 месеци);

- Кај четврта одлука постои индиција дека таа е контрадикторна сама на себе, бидејќи Апелациониот суд смета дека Основниот суд со одлуката ги пречекорил овластувањата со тоа што на максимална можна казна од 300 евра извршил ублажување и изрекол прекршочна санкција глоба од 200 евра, а притоа го цитира законот каде што согласно член 31 од ЗП ( 2015) се вели дека глобата може да се ублажи најмногу за 1/3. Се извлекува заклучок дека основниот суд можел го ублажи и го ублажил износот на глобата согласно Законот за прекршоците од 2015 година. Останува нејасно зошто Апелациониот суд се повикува на Законот за прекршоците објавен во „Сл. весник на РМ“ 51/2011 година, а ги цитира членовите на ЗП од 2015 година.

## ЗАКЛУЧОК

Во поголем дел од одлуките има погрешна примена на материјалното право во поглед на член 113 став (7), односно одлука што се носи во скратена постапка и која нема образложение може да биде донесена доколку согласно член 113 став (7), обвинетиот се откажува од жалба (во овој случај одлуката е донесена во отсуство, односно обвинетиот не се откажал од жалба). Во поголемиот дел од анализираните одлуки не се применува правилно материјалното право, се прават суштествени повреди на прекршочната постапка, особено во делот на одлуките што не содржат образложение.

Од анализираните одлуки на Апелациониот суд за поголемиот дел се изведува заклучок дека имаат недостатоци кои во дел не се суштински, додека во дел се погрешно се применети позитивните законски прописи.

## 1.2.3. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИСКО ПОДРАЧЈЕ СКОПЈЕ

Во пристапот на анализата се направија напори да се добијат анонимизирани судски одлуки од Основниот кривичен суд Скопје, меѓутоа првично беше дозволен само увид во одлуки во просториите на судот, без да му бидат доставени на барателот. Образложението дека на интернет-страницата на судот нема анонимизирани одлуки поради големиот обем на работа не е многу прифатлив за стручната јавност. Подоцна, по пат на повторно обраќање и разговори, преку електронска пошта ни беа доставени одлуки што одговараа на нашите барања. Направена е анализа на вкупно **23 одлуки од апелациско подрачје – Скопје**, од кои 11 се од Основен кривичен суд Скопје, а 14 од Апелационен суд Скопје.

Во поглед на **структурата** на судската одлука, за ова апелациско подрачје може да се заклучи дека сите анализирани пресуди поединечно ги содржат потребните делови и тие се правилно структурирани. Во поглед на **изреката**, може да се заклучи дека анализираните одлуки се јасни и концизни. Во поглед **кохерентноста на изреката** на одлуките (дали е истата во склад со образложението), може да се утврди дека одлуките се во логички склад со образложението и не противречат сами на себе. Се забележува дека во содржината на изреката се зема предвид и фактичкото тврдење на странките низ постапката за докажување, каде што се утврдува состојбата на важните факти што се издвојуваат од спорните. Во одлуките не се забележува отстапување од **правниот силогизам** при супсумпција, каде што се испочитувани логичките законитости во донесување на одлуката.

*Како пример може да се посочи една од одлуките каде што се работи за сообраќајна незгода, при која обвинетиот сторил два прекршока, при што му е изречена единствена прекршочна санкција глоба и забрана за управување со моторното возило за три месеци. Од висината на изречената прекршочна санкција глоба, согласно законот, зависи и висината на изречената санкција забрана за управување со моторното возило за три месеци. Во случајот е изречена прекршочна санкција глоба во износ од 198 евра во денарска противвредност од 12.180 денари. Обвинетиот не го признал сторениот прекршок, а судот ги сослушал очевидецот и подносителот на прекршочната пријава и притоа ги разгледал списите и при одмерување на прекршочната санкција ги имал предвид сите околности, но не ја прифатил и не и поклонил верба на дадената изјава од обвинетиот бидејќи сметал дека е неаргументирана и спротивна на изведените докази. Спроведена е контрадикторна постапка, во која се изведени сите потребни докази врз основа на кои судот правилно донел одлука.*

Во поглед на **квалитетот на образложението** на судската одлука Ratio Decidendi, тоа е најчесто напишано преку процена на доказите што се изведуваат, иако во прекршочната постапка тие се во мал обем. Во голем дел од пресудите има

спротивставеност на аргументите, а во поглед на јасноста и конзистентноста на самото образложение забелешка е дека тоа кај дел од одлуките е нејасно, бидејќи се копирани записниците при сослушување на странките. Но, сепак, дел од одлуките содржат искази на сведоците, при што е направена корелација на дадените искази и даденото образложение за тоа на кој исказ судот поклонил или не поклонил верба при изготвување на одлуката.

- Кај една одлука се забележува дека судијата при постапување по поднесеното барање одржува устен претрес, притоа во самата одлука во целост се цитирани изјавите на обвинетиот и оштетениот, како и сведокот, што ја прави одлуката обемна, а со тоа и нејасна во делот на образложението што е дадено на 10 страници. Останува дилемата дали една прекршочна одлука треба да содржи толку обемно образложение, со цитирање на сите изјави. Сепак, може да се констатира дека во целост се испочитувани законските одредби.

- Една од одлуките е донесена во отсуство на обвинетиот, меѓутоа во целост се применети законските одредби што се однесуваат за физички лица, во случајот се работи за прекршочна санкција – глоба изречена во износ од 250 евра (предвидена во износ од 15 до 250 евра). Постапено е по позитивните законски прописи. Се забележа техничка грешка во образложението во делот каде што се посочува дека повратницата од 06.04.2020 година е вратена во судот со назнака „известен на ден 26.03.2020 не побарал", при што не може да се утврди на кој ден обвинетиот бил известен.

- Кај друга одлука се забележува дека Одлуката е донесена во отсуство на обвинетиот, притоа сметајќи дека истиот бил уредно повикан и не се јавил во судот, ниту го оправдал својот изостанок, па судот сметал дека од приложените докази може да донесе одлука и без да го испита обвинетиот, изрекувајќи максимално предвидена прекршочна санкција глоба. Поканата е ставена на огласна табла на судот, а судот не располага со податок за адресата на живеење на обвинетиот во моментот кога поканата е ставена на огласната табла на судот. Последново е особено важно од причина што прекршокот е сторен на 15.12.2016 година, барањето е доставено на 10.01.2017 година, а до денот на ставањето на огласна табла (11.04.2019 г.) се изминати повеќе од две години. Претходно се проверува дали обвинетиот живее на таа адреса, а потоа се поставува поканата на огласна табла. Кога поканата се става на огласна табла согласно закон, треба да се посочи и членот од законот по кој се предвидува ваква постапка за огласување/поканување.

- Кај трета одлука во отсуство на обвинетиот, кој бил уредно повикан, но не се јавил и не го оправдал својот изостанок, донесена е прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило. Во овој случај судот сметал дека има доволно докази да донесе одлука без испитување на обвинетиот, земајќи ги предвид списите, а особено фактот дека обвинетиот се движел со поголема

брзина од дозволената која е измерена со радар и констатирана на записник кој обвинетиот го потпишал со што го признал сторениот прекршок. Судот, водејќи сметка за списите во предметот, донел одлука согласно законот во отсуство на обвинетиот ценејќи ги сите околности предвидени во законот (како олеснителни така и отежнителни) и правилно ја одмерил донесената прекршочна санкција.

- Во една од одлуките за прекршок се нотира дека обвинетиот регистрирал негативни бодови, а судот постапува само во делот за изрекување на прекршочната санкција: забрана за управување со моторното возило. Обвинетиот, кој бил уредно повикуван, не се јавил во судот, а судот сметал дека врз основа на списите приложени кон предметот ќе може да му изрече прекршочна санкција забрана за управување со моторното возило за три месеци, водејќи сметка за утврдената количина на алкохол во организмот и фактот дека обвинетиот претходно не бил прекршочно казнуван.

- Слично на претходното, во друга судска одлука, која е донесена во присуство на обвинетиот, судот му изрекол прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило од 3 месеци имајќи предвид дека количината алкохол во организмот е 0,55 промили, притоа водејќи сметка дека обвинетиот е семеен човек, вработен, а моторното возило му е неопходно за работните задолженија. Воедно судот зел предвид дека обвинетиот изразил жалење и каење за сторениот прекршок и претходно не бил прекршочно казнуван и затоа го изрекол минимумот на предвидената санкција.

Во поглед на **јазичната и граматичката правилност** на текстот на судската одлука, таа е разбирлива за сторителите на прекршоците, содржи јасни реченици.

Во поглед на одлуките на **Апелациониот суд Скопје**, во одлуките се содржани јасни упатства до основниот суд, при враќање на одлуката на повторно разгледување, јасно се наведени причините за укинување или преиначување на одлуката на првостепениот суд, притоа во образложението, доколку се промени обемот или висината на санкцијата, јасно е наведено зошто е направена промената, укажувајќи на разликата во оценувањето со Основниот суд. Сепак, *кај една од одлуките, која е во основа јасна и упатува на законските одредби, не се споменува/наведува дали првостепениот суд ценел и олеснителни околности при ублажувањето на прекршочната санкција забрана за управување со моторно возило, кој на обвинетиот му изрекол прекршочна санкција за управување со моторно возило од 1 месец согласно член 29 од ЗП (од 1 месец до 12 месеци). Во овој случај Апелациониот суд изрекува построга санкција забрана за управување со моторно возило и тоа не го образложува.*

Исто така, се дава одговор на жалбените наводи, не се препишува фактичката состојба од одлуката на првостепениот суд, се води сметка да бидат образложени само жалбените наводи што претходно не се наведени и на кои нема одговори во првостепената судска одлука, внимавајќи и по службена должност на законските измени и недоследности во одлуката, примената на поблагиот закон и на рокот за апсолутна застареност. Се забележува дека од сторениот прекршок до донесување на конечната одлука изминал голем временски период, како на пример, во една од пресудите каде што се констатира дека за *прекршок сторен 2015 година одлуката се носи 2020 година.*

*Во една од одлуките, иако прецизна, јасна одлука, која упатува на законските одредби, не се споменува/наведува дали првостепениот суд ценел и олеснителни околности при ублажувањето на прекршочната санкција забрана за управување со моторно возило, кој на обвинетиот му изрекол прекршочна санкција за управување со моторно возило од 1 месец согласно со член 29 од ЗП (од 1 месец до 12 месеци). Во случајот Апелациониот суд изрекува построга санкција забрана за управување со моторно возило и тоа не го образложува.*

*Во друга одлука се согледува дека Апелациониот суд точно и прецизно појаснува зошто го прифаќа ублажувањето на изречената прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило за 1 месец, посочувајќи дека е поткрепена со докази кои се во прилог на обвинетиот, согласно член 29 од ЗП (од 1 месец до 12 месеци). Сепак, споредбено со друга одлука, се поставува прашање како во погоре наведениот случај е потврдена одлуката на Основниот суд, а во последниов случај е зголемена прекршочната санкција. Со оглед дека не располагаме со одлуките од основниот суд по овие два предмети не можеме да направиме целосна компарација.*

*Во една од одлуките, за прекршок сторен 2015 година, а одлуката се носи 2020 година, што упатува на заклучок дека постапката се води 5 години и 4 месеци, се поставува прашањето каков е ефектот од толку долготрајно водење прекршочна постапка од областа на прекршоците од јавен ред и мир и како таа ги погодува сторителите.*

## ЗАКЛУЧОК

Одлуките се во основа концизни, јасни и разбирливи, со доволен опис на спротивставени аргументи. Воедно се цитирани закони и објаснувања за причините поради кои се прифатени или не се прифатени жалбените наводи, притоа водејќи сметка за секој сегмент од одлуката на основниот суд и ценејќи ја во целост, а не само во делот кој е обжален.

Испочитувани се логичките законитости во донесување на одлуките во најголем обем. Образложението кај најголем дел од одлуките најчесто е напишано преку процена на доказите што се изведуваат, иако во прекршочната постапка тие се во мал обем. Одлуките содржат искази на сведоците, при што е направена корелација на дадените искази и дадено образложение за тоа на кој исказ судот поклонил или не поклонил верба при изготвување на одлуката. Во голем дел од одлуките има спротивставеност на аргументите, а во поглед на јасноста и конзистентноста на самото образложение забелешка е дека тоа кај дел од одлуките е нејасно, бидејќи се копирани записниците при сослушување на странките. Одлуките се разбирливи за сторителите на прекршоците, односно содржат јасни реченици.

Кај одлуките на Апелациониот суд Скопје се забележува дека во одлуките се содржани јасни упатства до Основниот суд. При враќање на одлуката на повторно разгледување, јасно се наведени причините за укинување или преиначување на одлуката на првостепениот суд, притоа во образложението, доколку се промени обемот или висината на санкцијата, јасно е наведено зошто е направена промената, укажувајќи на разликата во оценувањето со основниот суд. Сепак, кај една од одлуките, која е јасна во основа и упатува на законските одредби, не се споменува/наведува дали првостепениот суд ценел и олеснителни околности при ублажувањето на прекршочната санкција, кај друга одлука поминал голем временски период на водење на постапката, а кај трета одлука била изречена построга санкција забрана за управување со моторно возило без да биде образложено.

## 1.2.4. КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА АПЕЛАЦИСКО ПОДРАЧЈЕ ШТИП

Направена е анализа на **вкупно 8 одлуки, од кои 4 се донесени од основните судови на апелациското подрачје Штип и 4 одлуки од Апелациониот суд Штип.**

Во поглед на **структурата** на судската одлука за ова апелациско подрачје, може да се заклучи дека сите анализирани пресуди поединечно ги содржат потребните делови и се правилно структурирани.

Иако во поглед на **изреката** може да се заклучи дека најголемиот дел од одлуките се јасни и концизни, *но, сепак, се забележуваат одредени отстапувања, како на пример, во една од одлуките каде што „изречена е парична казна во висина од 400 евра", односно не е применет поблагиот закон за сторителот до 250 евра согласно со ЗП од 2019 година. Во друга одлука прекршочната санкција глоба е одмерена во минимални граници под определениот законски минимум бидејќи обвинетиот е невработен и наместо глоба во висина од 350 до 400 евра изречена е во висина од 100 евра. Причината е невработеноста на обвинетиот, но судот истата не ја утврдил со непосреден доказ и на обвинетиот не му предложил општокорисна работа согласно законот. Воедно, во овој случај не се испитани сите околности што би го направиле прекршокот полесен.*

Во поглед **кохерентноста на изреката** на одлуките (дали таа е во склад со образложението), може да се утврди дека поголем дел од одлуките се во логички склад со образложението и не противречат сами на себе. Сепак, постои отстапување и се забележува дека во содржината на изреката се зема предвид и фактичкото тврдење на странките низ постапката за докажување, каде што не се утврдува состојбата на важните факти што се издвојуваат од спорните.

- Во една одлука се забележува отстапување од **правниот силогизам** при супсумпција, каде што не се испочитувани логичките законитости во донесување на одлуката. Имено, во една од одлуките се забележува дека е изречена парична казна во висина од 400 евра, не е применет поблагиот закон за сторителот, до 250 евра, согласно ЗП од 2019 г.
- Во друга одлука изречената глоба не е во согласност со член 26 ст. 1 од ЗП од 2019 година и со тоа не е применет поблагиот закон за сторителот, иако се повикува на тој закон. Максималната глоба е од 15 до 250 евра и е изречена глоба од 400 евра. Притоа е дадена изјава на сведокот, без констатација каде е распрашан сведокот и дали таа изјава е во корелација со другите изведени докази. Не е застапена контрадикторност во постапката.
- Во трета одлука е изречена прекршочна санкција опомена, без притоа да се земе предвид дека опомена не може да се изрече ако сторителот не ја исполнил пропишаната обврска, како и кога се предизвикани штетни последици, а е загрозен и јавниот интерес.

Во поглед на **квалитетот на образложението** на судската одлука Ratio Decidendi, може да се констатира дека образложението најчесто е напишано во многу кратки црти од причина што доказите што се изведуваат се во мал број. Во голем дел од пресудите изостанува спротивставеност на аргументите, а во поглед на јасноста и конзистентноста на самото образложение, забелешка е дека тоа во дел е нејасно, бидејќи се копирани записниците при сослушување на странките. Исто така, недостигаат исказите на сведоците.

Во поглед на **јазичната и граматичката правилност** на текстот на судската одлука, тие се разбирливи за сторителите на прекршоците, содржат кратки и јасни реченици.

Во одлуките на **Апелациониот суд Штип** се содржани јасни упатства до основниот суд, при враќање на одлуката на повторно разгледување, а исто така јасно се наведени причините за укинување или преиначување на одлуката на првостепениот суд, притоа во образложението, доколку се промени обемот или висината на санкцијата, јасно е наведено зошто е направена промената, укажувајќи на разликата во оценувањето со основниот суд. Исто така, се дава одговор на жалбените наводи, не се препишува фактичката состојба од одлуката на првостепениот суд, се води сметка да бидат образложени само жалбените наводи што претходно не се наведени и на кои нема одговори во првостепената судска одлука и се внимава на рокот за апсолутна застареност.

*Сепак, има одредени отстапувања, како на пример, кај една од одлуките, која е нејасна и неразбирлива, бидејќи во неа е цитиран записник за извршена контрола на брзината на движењето на возилото, а не и записникот за извршено алкотестирање. Ова е од причина што прекршокот е сторен согласно член 228 став 1, а казнив по член 228 став 7 од ЗБСП – обвинетиот го управувал возилото под дејство на алкохол, а не со недозволена брзина на движење. При цитирање на изведените докази, направена е грешка: „цитиран е записник за извршена контрола на брзината на движењето на возилото, а не и записникот за извршено алкотестирање“.*

## ЗАКЛУЧОК

Од сите анализирани одлуки може да се заклучи дека во поголем обем одлуките ги содржат потребните делови и се правилно структурирани, донесени врз основа на материјалното право, а во содржината на изреката се зема предвид и фактичкото тврдење на странките низ постапката за докажување. Сепак, има и отстапувања, кога на пример не се утврдува состојбата на важните факти кои се издвојуваат од спорните, а во еден мал дел се констатира дека има погрешна примена на материјалното право или, пак, не е водена сметка за контрадикторност на постапката, а некаде е изречена глоба без притоа да се појасни дали таа е ублажена или не.

Одлуките на Апелациониот суд Штип се кратки и со помалку објаснувања (на пример, во споредба со одлуките на Апелациониот суд Скопје), но сепак се разбирливи, се водело сметка за примената на законите, освен во една одлука каде што како доказ се наведува записник за брзина на движењето, а сторениот прекршок е за управување под дејство на алкохол, што е контрадикторно, нејасно и неразбирливо.

# 2.

# АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

При анализата на судските одлуки од четирите апелациони подрачја земена е предвид само квалитативна анализа. Оваа анализа се однесува на структурата, кохерентноста на изреката, квалитетот на образложението, јазичниот и граматичкиот аспект на судската одлука, при што може да се заклучи дека на национално ниво нема одредени отстапувања во поглед на **структурата** на судските одлуки на ниво на апелациски подрачја.

Во поглед на **кохерентноста на изреката** *(дали таа е во склад со образложението) се забележува отстапување кај некои одлуки, кои се носат без образложение, односно само се набројуваат изречените санкции, без притоа да се примени член 113 став 7 од Законот за прекршоците од 2019 година, каде што е таксативно и кумулативно наведено во кои случаи се носат одлуки без образложение* ***(одлука без образложение се носи доколку обвинетиот го признал прекршокот, ја надоместил штетата и се откажал од правото на жалба).***

Исто така, кај дел од одлуките има отстапување во однос на **правниот силогизам** при супсумпција, каде што не се испочитувани логичките законитости.

Во поглед на **квалитетот на образложението** на судската одлука Ratio Decidendi, иако во прекршочната постапка одлуките се кратки и образложението најчесто е напишано во многу кратки црти од причина што доказите што се изведуваат се во мал број, сепак, не постои воедначеност при изработка на образложението. Кај некои одлуки се случува да бидат копирани записниците при сослушување на странките и недостигаат исказите на сведоците, како и сослушување вешти лица.

Кога станува збор за **јазичната и граматичката правилнос**т на текстот на судската одлука, можеме да кажеме дека на национално ниво нема поголеми отстапувања, тој е разбирлив за сторителите на прекршоците, со одредени исклучоци.

Апелационите судови покажуваат поголема воедначеност кога станува збор за судските одлуки, особено Апелациониот суд Битола и Апелациониот суд Скопје. Во поголем дел од одлуките се содржани јасни упатства до основниот суд при враќање на одлуката на повторно разгледување и јасно се наведени причините за укинување или преиначување на одлуката на првостепениот суд. Притоа, во образложението, доколку се промени обемот или висината на санкцијата, јасно е наведено зошто е направена промената, укажувајќи на разликата во оценувањето со основниот суд. Исто така, во најголем број случаи се дава одговор на жалбените наводи, не се препишува фактичката состојба од одлуката на првостепениот суд, се води сметка да бидат образложени само жалбените наводи што претходно не се наведени и на кои нема одговори во првостепената судска одлука и се внимава на рокот за апсолутна застареност.

Одредени исклучоци од овие правила се дадени во текстот на анализата, согледани за секое апелациско подрачје.

# 3.

# ГЕНЕРАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ

- Може да се согледа дека постои поголема воедначеност на одлуките донесени во рамки на апелациските подрачја Скопје и Битола.
- Постои потреба од поголема воедначеност кај судските одлуки на апелациските подрачја Гостивар и Штип.
- Забележително е дека кај дел од одлуките се јавува застареност на прекршочното гонење.
- Во одредени случаи, кај сообраќајните незгоди, не се издава мандатен, прекршочен платен налог, кој треба да се плати во рок од 8 дена согласно законот, со што на обвинетиот му се изрекуваат повисоки трошоци од потребното во прекршочна постапка.
- Се забележува дека во одредени случаи одлуката се носи во скратена постапка и без образложение, во отсуство на обвинетиот, односно без сослушување на обвинетиот, без да се води сметка во кои случаи може да не биде составено образложение во скратената постапка, иако во законот се таксативно наведени случаите во кои судот може да донесе одлука без образложение. Кај ваквите одлуки се констатира погрешна примена на материјалното право.
- Кога се работи за ублажување на прекршочна санкција глоба, не се образложуваат причините за направеното ублажување на казната и не се наведува по која основа е изречена глобата (не се наведуваат членовите од ЗП)
- Постои разлика во изречените прекршочни санкции глоби кога судот се повикува на законот каде што глобите се различни од оние на кои упатува судот преку одредба, а постојат случаи кога прекршочната санкција која треба да биде зголемена двојно би требало да биде изречена во судската одлука во друг износ од пропишаниот.
- Постои разлика во изрекувењето на прекршочната санкција забрана за управување со моторно возило, односно се изрекува поблага санкција (на пр., изречена е за време траење од 30 дена, а треба да изнесува минимум 3 месеци).
- Кај дел од одлуките се констатира изрекување на построга санкција забрана за управување со моторно возило без да се образложува.
- Се поставува прашање за обемноста на образложението, односно потребата да биде направено со цитирање на сите изјави, што го прави преобемно и тешко за читање, а притоа одлуката не е доволно јасна и концизна.
- Кај дел од одлуките се јавуваат технички и јазични грешки во образложението.
- Не е возможно да се направи процена по однос на правни прашања, за кои македонска судска практика, односно Врховниот суд има донесено начелни правни ставови, начелни правни мислења, правни мислења, заклучоци и одлуки или заклучоци на средби на апелационите судови во прекршочната постапка затоа што не можеа да се прибават. Секако, претставува предизвик потребата од поголема соработката помеѓу институциите заради усогласување на ставовите и мислењата особено за примена на законите во практика, а од истражувањето произлезе дека е потребно да се усвојат правни ставови и мислења за донесување одлука во скратена постапка и без образложение.

# 4.

# ПРЕПОРАКИ

- Со цел да се постигне поголема посветеност и внимание при изработка на одлуките, потребно е да се работи на усогласување на судската практика, особено преку програмите на Академијата на судии и јавни обвинители, со примена на целна едукација за усогласување на одлуките во поглед на нивната структура, примена на правото и водењето на прекршочната постапка;

- Потребно е поголемо мониторирање на одлуките на судовите од страна на надлежните тела на сите апелациски подрачја, правење годишни споредбени анализи, имајќи ги предвид сите критериуми за квалитет и оценување дадени во Методологијата за анализа на квалитетот и воедначеноста на судските одлуки;

- Исто така, потребно е да се организираат средби за размена на искуство и практика, како и подготовка на упатства (насоки) за одредени правни прашања;

- Во иднина би требало Врховниот суд да носи начелни правни ставови, начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци и одлуки или заклучоци на средби на апелационите судови за одредени прашања во прекршочната постапка со цел да се воспостави единствена практика и унапреди прекршочната постапка.